БОСИЛОВО

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр. 08-465/1
25.02.2026 година

Врз основа на член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)а в.в. со член 17-в од Законот за јавните претпријатија (Редакциски пречистен текст: Сл весник на РСМ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003.....39/2016,64/2018,35/2019,275/2019,82/2020,89/2022,274/2022,208/2024,193/2025)на предлог на Градоначалникот на општина Босилово,Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.02.2026 година донесе,

**Одлука за ПОНИШТУВАЊЕ на јавниот повик за избор на 3(три)члена на НО на ЈПКД"Огражден"Босилово**

**Член 1**

Се ПОНИШТУВА јавниот повик за избор на 3(три)члена на НО на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.08-334/1 од 09.02.2026 година, објавен на Веб страната на општина Босилово на 10.02.2026 година.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл.гласник на општина Босилово.

**Образложение**

Советот на општина Босилово на седница на Совет одржана на ден 29.12.2025 година донесе Одлука за распишување на јавен повик за избор членови на Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово.

Од страна на општинската администарција беше изготвен Јавен повик за избор на 3 (три) члена на Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.08-334/1 од 09.02.2026 година објавен на ВЕБ страната на општина Босилово на 10.02..2026.

Постојат формално-правни причини за поништување на Јавниот повик бр.08-334/1 од 09.02.2026 година бидејќи при неговото распишување се повикувавме на Правилник од 2022 година, а во меѓувреме е донесен нов Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(Сл.весник на РСМ бр.213/2024) година кој ја уредува постапката за избор на членови на управен и надзорен одбор.

Со цел да се обезбеди законитост и усогласеност со најновата регулатива, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Совет на општина Босилово**
**Претседател,**
**Горанчо Граждаанлиевски**

Република Северна Македонија Општина Босилово Босилово